Pas nenit 367 shtohet nen i ri 367-a, si vijon:

"Neni 367-a

"(1) Anëtar i bordit të drejtorëve në shoqëri me pronësi dominante ose të tërësishme shtetërore mund të zgjidhet personi i cili i plotëson kushtet në vijim:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë,

2) ka fituar së paku 240 kredi sipas SETK ose ka kryer shkallën e arsimit VII/1;

3) në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës ndalim i ushtrimit të profesionit, veprimtarisë ose detyrës,

4) ka minimum pesë vjet përvojë pune;

5) posedon certifikatë ose dëshmi të pranuar ndërkombëtare për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet, si vijon: TOEFEL IBT-së paku 30 pikë, IELTS (IELTS)-së paku 3 pikë, KET (Cambridge English)-të dhënë, BULATS (BULATS)-së paku 20 pikë, ose APTIS (APTIS)-së paku nivelin A2 (A2) dhe

6) ka kaluar testin psikologjik dhe testin për integritet.”

(2) Anëtar ekzekutiv i bordit të drejtorëve nga paragrafi (1) të këtij neni mund të zgjidhet personi i cili i plotëson kushtet në vijim:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë,

2) ka fituar së paku 240 kredi sipas SETK ose ka kryer shkallën e arsimit VII/1;

3) në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës ndalim të ushtrimit të profesionit, veprimtarisë ose detyrës,

4) ka minimum pesë vjet përvojë pune;

5) posedon një nga certifikatat ose dëshmitë e pranuara ndërkombëtare vijuese për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet, edhe atë: TOEFEL IBT-së paku 74 pikë, IELTS (IELTS)-së paku 6 pikë, ILEC (ILEC) (Cambridge English: Legal)-së paku niveli B2 (B2), FCE (FCE) (Cambridge English: First)-të dhënë, BULATS (BULATS)-së paku 60 pikë ose, APTIS (APTIS)-së paku niveli B2 (B2) dhe

6) ka kaluar testin psikologjik dhe test për integritet."

Neni 3

Pas nenit 374 shtohet nen i ri 374-a, si vijon:

"Neni 374-a

(1) Anëtar i këshillit drejtues të shoqërisë aksionare me pronësi dominante ose të tërësishme shtetërore mund të zgjidhet personi i cili i plotëson kushtet në vijim:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) ka fituar së paku 240 kredi sipas SETK ose ka kryer shkallën e arsimit VII/1;

3) në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës ndalim të ushtrimit të profesionit, veprimtarisë ose detyrës;

4) ka minimum pesë vjet përvojë pune;

5) posedon certifikatë ose dëshmi të pranuar ndërkombëtare për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet, si vijon:TOEFEL IBT-së paku 30 pikë, IELTS (IELTS)-së paku 3 pikë, KET(KET)(Cambridge Englishl) të dhënë, BULATS (BULATS)-së paku 20 pikë, ose APTIS (APTIS) - së paku niveli A2 (A2) dhe

6) ka kaluar testin psikologjik dhe test për integritet.

(2) Kryetar i këshillit drejtues të shoqërisë nga paragrafi (1) i këtij neni mund të zgjidhet personi i cili i plotëson kushtet në vijim:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) ka fituar së paku 240 kredi sipas SETK ose ka kryer shkallën e arsimit VII/1;

3) në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës ndalim i ushtrimit të profesionit, veprimtarisë ose detyrës,

4) ka minimum pesë vjet përvojë pune;

5) posedon një nga certifikatat ose dëshmitë e pranuara ndërkombëtare vijuese për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet, si vijon:TOEFEL IBT-së paku 74 pikë, IELTS (IELTS)-së paku 6 pikë, ILEC (ILEC)

(Cambridge English: Legal) - së paku niveli B2 (B2), FCE (FCE) (Cambridge English: First)-të dhënë, BULATS (BULATS)-së paku 60 pikë, ose APTIS (APTIS)-së paku niveli B2 (B2) dhe

6) ka të dhënë testin psikologjik dhe testin për integritet. "

Neni 4

Pas nenit 378 shtohet nen i ri 378-a, si vijon:

"Neni 378-a

Anëtar i këshillit mbikëqyrës në shoqëri aksionare me pronësi dominante ose të tërësishme shtetërore mund të emërohet personi i cili i plotëson kushtet në vijim:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) ka fituar së paku 240 kredi sipas SETK ose ka kryer shkallën e arsimit VII/1;

3) në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës ndalim i ushtrimit të profesionit, veprimtarisë ose detyrës;

4) ka minimum pesë vjet përvojë pune;

5) posedon certifikatë ose dëshmi të pranuar ndërkombëtare për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet, si vijon: TOEFEL IBT-së paku 30 pikë, IELTS (IELTS)-së paku 3 pikë, KET (KET) (Cambridge English Legal)-të dhënë, BULATS (BULATS)-së paku 20 pikë, ose APTIS (APTIS)-së paku niveli A 2 (A2) dhe

6) ka të dhënë testin psikologjik dhe testin për integritet."

Neni 5

Pas nenit 379 shtohet nen i ri 379-a si vijon:

"Neni 379-a

Kryetar i këshillit mbikëqyrës në shoqëri aksionare me pronësi dominante ose të tërësishme shtetërore mund të zgjidhet personi i cili i plotëson kushtet në vijim:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë,

2) ka fituar së paku 240 kredi sipas SETK ose ka kryer shkallën e arsimit VII/1;

3) në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës ndalim të ushtrimit të profesionit, veprimtarisë ose detyrës,

4) ka minimum pesë vjet përvojë pune;

5) posedon një nga certifikatat ose dëshmitë e pranuara ndërkombëtare vijuese për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet: TOEFEL IBT (TOEFL IBT)-së paku 74 pikë, IELTS (IELTS)-së paku 6 pikë, ILEC (ILEC) (Cambridge English: Legal)-së paku niveli B2 (B2), FCE (FCE) (Cambridge English: First)-të dhënë, BULATS (BULATS)-së paku 60 pikë, ose APTIS (APTIS)-së paku niveli B2 (B2) dhe

6) ka të dhënë testin psikologjik dhe test për integritet."

Neni 6

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë të përcaktojë tekst të spastruar të Ligji për ndërmarrje publike.

Neni 7

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", kurse do të fillojë të zbatohet një vit nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, përveç kushtit për njohjen e gjuhës së huaj që do të fillojë të zbatohet dy vite nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

**1189.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 февруари 2014 година.

Бр. 07 – 1180/1
24 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**

Член 1

Во Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ број 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12 13/13 и 163/13), членот 141 се менува и гласи:

„(1) Со јавната установа национален парк раководи директор кој го именува и го разрешува Владата на Република Македонија.

(2) Јавниот оглас за вработување се објавува во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) За својата работа и за работата на јавната установа национален парк, директорот одговара пред Владата на Република Македонија.

(4) Мандатот на директорот трае четири години.

(5) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови, и тоа:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана на вршење на професија, дејност или должност.

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има минимум пет години работно искуство;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2);

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет и

7) поднесе подготвена програма за раководење со установата.“

Член 2

Во членот 136 ставовите (3) и (4) се бришат.

Член 3

Членот 143-а се менува и гласи:

“(1) Вработените во јавна установа национален парк имаат статус на административни службеници и помошно-технички персонал.

(2) Административните службеници од ставот (1) на овој член се вработените во стручната служба кои вршат работи од административна природа и истите права и обврските од работен однос ги остваруваат согласно со Законот за административните службеници.

(3) Помошно-техничкиот персонал од ставот (1) на овој член се вработените кои вршат работи на обезбедување, одржување, вршење на превоз, работа во кујна или хотелско-угостителски објекти, како и други помошни и технички работи и истите правата и обврските од работен однос ги остваруваат согласно со Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.“

Член 4

Членовите 143-б, 143-в, 143-г, 143-д, 143-ѓ, 143-е, 143-ж, 143-з, 143-ѕ, 143-и, 143-ј, 143-к, 143-л, 143-љ, 143-м, 143-н, 143-њ, 143-о и 143-п се бришат.

Член 5

Директорот на јавната установа национален парк именуван до денот на започнувањето на примената на членот 1 од овој закон, продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 6

Одредбите на членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Одредбите на членовите 3 и 4 од овој закон ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето на примена на Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14) и Законот за административните службеници (“Службен весник на Република Македонија“ број 27/14).

Член 7

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита на природата.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MBROJTJE TË NATYRËS**

Neni 1

Në Ligjin për mbrojtje të natyrës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12 13/13 dhe 163/13) neni 141 ndryshon si vijon:

"(1) Me Institucionin Publik Parku Nacional udhëheq drejtori, të cilin e emëron dhe e shkarkon Qeveria e Republikës së Maqedonisë.

(2) Shpallja publike për punësim publikohet në së paku në tre gazeta ditore të cilat botohen në tërë territorin e Republikës së Maqedonisë, prej të cilëve njëra nga gazetat të cilat botohen në gjuhën të cilën e flasin së paku 20% të qytetarëve të cilët flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase.

(3) Për punën e vet dhe për punën e Institucionit Publik - Parku Nacional, drejtori përgjigjet para Qeverisë së Republikës së Maqedonisë.

(4) Mandati i drejtorit zgjat katër vite.

(5) Drejtor mund të zgjidhet personi i cili i plotëson kushtet në vijim:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion për kundërvajtje ndalim për kryerje të profesionit, veprimtarisë ose detyrës;

3) ka marrë së paku 240 kredi sipas SETK ose shkallë të kryer VII/1;

4) ka minimum pesë vite përvojë pune;

5) posedon një nga certifikatat ose dëshmitë e pranuara ndërkombëtare në vijim për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vite:

- TOEFEL IBT së paku 76 pikë,
- IELTS (IELTS) - së paku 6 pikë,
- ILEC (ILEC) - (Cambridge English: Legal) - së paku B2 (B2) niveli,
- FCE (FCE) (Cambridge English: First) - të dhënë,
- BULATS (BULATS) - së paku 60 pikë dhe
- APTIS (APTIS) - së paku B2 (B2);

6) ka të dhënë test psikologjik dhe test për integritet dhe

7) parashtron program të përgatitur për udhëheqje me institucionin."

Neni 2

Në nenin 136 paragrafët (3) dhe (4) shlyhen.

Neni 3

Neni 143-a ndryshon si vijon:

“(1) Të punësuarit në institucionin Publik - Parku Nacional kanë status të nëpunësve administrativë dhe personelit teknik-ndihmës.

(2) Nëpunës administrativë nga paragrafi (1) i këtij neni janë të punësuarit në shërbimin profesionist të cilët kryejnë punë të natyrës administrative dhe të njëjtit të drejtat dhe obligimet për marrëdhënie pune i realizojnë në pajtim me Ligjin për nëpunës administrativë.

(3) Personel teknik-ndihmës nga paragrafi (1) i këtij neni janë të punësuarit të cilët kryejnë punë të sigurimit, mirëmbajtjes, kryerjes së transportit, punës në kuzhinë ose objekte hotelierike, si dhe punë tjera ndihmëse dhe të njëjtit të drejtat dhe obligimet për marrëdhënie pune i realizojnë në pajtim me Ligjin për të punësuarit në sektorin publik dhe dispozitat e përgjithshme për marrëdhënie pune.“

Neni 4

Nenet 143-b, 143-v, 143-g, 143-d, 143-gj, 143-e, 143-zh, 143-z, 143-x, 143-i, 143-j, 143-k, 143-ll, 143-l, 143-m, 143-n, 143-nj, 143-o dhe 143-p shlyhen.

Neni 5

Drejtori i institucionit publik - Parku Nacional deri në ditën e fillimit të zbatimit të nenit 1 të këtij ligji, vazhdon ta kryejë funksionin deri në skadimin e mandatit për të cilin është emëruar.

Neni 6

Dispozitat nga neni 1 i këtij Ligji do të fillojnë të zbatohen në afat prej një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, përveç dispozitave të cilat kanë të bëjnë me kushtin për njohjen e gjuhës së huaj që do të fillojnë të zbatohen pas dy viteve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Dispozitat e neneve 3 dhe 4 të këtij ligji do të fillojnë të zbatohen me ditën e fillimit të zbatimit të Ligjit për të punësuarit në sektorin publik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 27/14) dhe Ligjit për nëpunës administrativë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 27/14).

Neni 7

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për mbrojte të natyrës.

Neni 8

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**1190.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 февруари 2014 година.

Бр. 07 – 1181/1
24 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Во Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13), во членот 13 став (1) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „кој се објавува во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.“

Ставот (2) се менува и гласи:

“За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на изборот со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има минимум пет години работно искуство;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

Во ставот (3) зборовите: “ставот (2)“ се заменуваат со зборовите: “ставот (1)“.

Член 2

Одредбите од членот 1 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR KADASTËR TË PATUNDSHMËRIVE**

Neni 1

Në Ligjin për kadastër të patundshmërive ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 55/13), në nenin 13 paragrafi (1) pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: "që shpallet në së paku tri gazeta ditore të cilat botohen në gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë, prej të cilave në një gazetë që botohet në gjuhën të cilën e flasin së paku 20% e qytetarëve që flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase".

Paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Drejtor mund të zgjidhet personi i cili i plotëson kushtet si vijon:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) gjatë kohës së zgjedhjes me vendim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës ndalim për ushtrimin e funksionit, veprimtarisë ose detyrës;

3) ka fituar të paktën 240 kredi sipas SETK ose ka kryer shkallën VII/1,

4) ka përvojë pune minimum pesë vjet;

5) posedon një nga certifikatat në vijim të pranuara ndërkombëtarisht për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet:

- TOEFEL IBT të paktën 74 pikë,
- IELTS - të paktën 6 pikë,
- IELS (ILEC) (Cambridge English: Legal) - të paktën nivelin B2,
- FCE (Cambridge English: First) - të kaluar,
- BULATS - të paktën 60 pikë,
- APTIS- të paktën niveli B2 dhe

6) ka të dhënë testin psikologjik dhe testin e integritetit."

Në nenin (3) fjalët: "paragrafi (2)" zëvendësohen me fjalët: "paragrafi (1)".

Neni 2

Dispozitat e nenit 1 të këtij ligji të cilat kanë të bëjnë me kushtet për njohjen e gjuhës së huaj do të fillojnë të zbatohen pas dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", e do të fillojë të zbatohet pas një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

# ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1191.**

По извршеното срамнување со изворниот текст Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, утврди дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14), се направени грешки поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**

Во членот 1, став 1 во заградата наместо сврзникот „и“ треба да стои запирка, а по броевите „82/13“ треба да стои сврзникот „и“ и броевите „14/14“.

Во членот 87 наместо бројот „223“ треба да стои бројот „233“.

Бр. 10-1125/2
26 февруари 2014 година
Скопје

Од Законодавно-правната
комисија на Собранието
на Република Македонија

---

**1192.**

По извршеното срамнување со изворниот текст Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, утврди дека во текстот на Законот за изменување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 28/14), се направени грешки поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**

Во членот 1, став 1 во заградата наместо сврзникот „и“ треба да стои запирка, а по броевите „82/13“ треба да стојат броевите „14/14 и 27/14“.

Бр. 10-1125/3
26 февруари 2014 година
Скопје

Од Законодавно-правната
комисија на Собранието
на Република Македонија

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**1193.**

Врз основа на член 56-а став (3) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 140/08, 53/11, 123/12, 70/13 и 164/13), министерот за внатрешни работи донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ НА ТЕХНИЧКИ СЛУЖБИ ЗА ЕДИНЕЧНО ОДОБРУВАЊЕ НА ВОЗИЛА ЗА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ И ПОТРЕБНАТА ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање на овластување за вршење на работи на технички служби за единечно одобрување на возила за превоз на опасни материи и потребната придружна документација („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/13), Прилогот се заменува со нов Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Во членот 3 точката 5 се менува и гласи:

„5. Известување од Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за вработениот стручен кадар кај правното лице“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12.1-14878/1
20 февруари 2014 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Прилог

**Б А Р А Њ Е**
за добивање на овластување за вршење на работи на технички служби за единечно одобрување на возила за превоз на опасни материи

Од ______________________________________________
(назив на правното лице)
од____________________, _______________________________________
(град) (адреса и седиште на правното лице)
со______________________________ ,___________________________
(единствен матичен број на правното лице) (презиме и име на подносител-одговорно лице)
од______________________________, ___________________________.
(место и адреса на живеење) (податоци за контакт)

Врз основа на член 56-а став 2 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" број 140/08, 53/11, 123/12, 70/13 и 164/13), поднесувам барање за издавање на овластување за вршење на работи на технички служби за единечно одобрување на возила кои вршат превоз на опасни материи.

Во прилог на барањето, ја доставувам следната документација:

- Доказ за упис во Централниот регистар на Република Македонија;
- Копија од Решението за овалстување за вршење на работи за техничка служба за единечно одобрување на возила издадено од Министерството за економија, заверена на нотар;
- Доказ за сопственост или под закуп земен работен простор за преглед на возилата;
- Копија од сертификат за акредитација за единечно одбрување на возило издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија, заверена на нотар;
- Известување од Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за вработениот стручен кадар кај правното лице;
- Доказ за склучен Договор за осигурување од професионална одговорност и
- Доказ за позитивен бонитет.

*Согласен сум доказите од алинеите 1 и 2 да се прибават од страна на Министерството за внатрешни работи по службена должност во висина утврдена со тарифник пропишан согласно со закон и при прибавувањето на истите согласен сум моите лични податоци да бидат употребени во постапка за добивање на овластување за вршење на работи на технички служби за единечно одобрување на возила за превоз на опасни материи.
ДА НЕ (заокружи)

Датум ____________
Скопје

Подносител на барањето,
______________________________
с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**1194.**

Врз основа на член 145 став (5) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12 и 27/14), министерот за финансии, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕТО НА ТЕХНИЧКАТА ИСПРАВНОСТ НА АВТОМАТИТЕ ЗА ИГРИ НА СРЕЌА И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ТЕХНИЧКА ИСПРАВНОСТ НА АВТОМАТИТЕ ЗА ИГРИ НА СРЕЌА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа и формата и содржината на уверението за техничка исправност на автоматите за игри на среќа.

Член 2

Утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа кое се врши во просториите на приредувачот на игрите на среќа или на овластеното лице претставува утврдување на состојбата и функционалните карактеристики на автоматите за игри на среќа и тоа:

1) дека автоматот за игри на среќа има електронски и механички бројчаници и дали преку нив се бележат следните елементи:

- влез-излез (вкупен износ на сите внесени и прокнижени кредити во автоматите и вкупен износ на сите исплатени кредити од автоматите);
- влог-добивка (вкупен износ на вложените кредити во сите одиграни игри и вкупен износ на добиените кредити во сите одиграни игри);
- џек пот добивки и
- одиграни игри

2) дека автоматот за игри на среќа содржи прогресивна добивка која е прикажана на електронскиот бројчаник во самиот автомат за игри на среќа;

3) дека автоматот за игри на среќа ги содржи само оние игри кои се опишани во автоматот;

4) дека програмската плоча на автоматот за игри на среќа, вградена од производителот, по техничката документација, го овозможува она што е опишано во упатството за употреба на автоматот за игри на среќа кое е содржано во техничкиот опис на играта;

5) дека одлуката за добивката или загубата, по техничката документација, се одредува по пат на генератор на случајни броеви кој е статистички и независен и кој не може да биде предвиден;

6) дека автоматот за игри на среќа е конструиран во случај на прекин на електронско напојување да не дојде до бришење или губење на податоците кои се во неговата меморија, а се однесуваат на поединечните игри (уплати, бонуси, фази на играта и слично) и на состојбата на електромеханичките и електронските бројчаници на автоматот и

7) дека автоматот за игри на среќа има можност да обезбеди историјат на последните 20 одиграни игри и последните 20 примени банкноти или жетони.

Член 3

Уверението за техничка исправност на автоматот за игри на среќа се издава на бела хартија во А4 формат и ги содржи следните податоци:

- назив и седиште на овластеното правно лице;
- сопственик, односно корисник на автоматот за игри на среќа (назив и седиште);
- производител на автоматот за игри на среќа;
- типот на автоматот за игри на среќа (автомат за игри на среќа на кој може да учествува еден учесник или автомат за игри на среќа на кој истовремено можат да учествуваат повеќе учесници во игрите на среќа);
- податоци за хардверот на автоматот за игри на среќа;
- фабрички или сериски број на автоматот за игри на среќа (евиденциона плочка, влезен број, излезен број и џек пот);
- деловна просторија каде што се наоѓа автоматот за игри на среќа;
- број, дата и место и
- потпис на овластеното лице.

Формата и содржината на Уверението за техничка исправност на автоматите за игри на среќа се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот, условите и роковите на утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа и апаратите за забавни игри и формата на исправата за техничката исправност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/97).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 12-4438/2
21 февруари 2014 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

ПРИЛОГ

Врз основа на член 145 став 1 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри

________________________________________________________

(назив и седиште на овластеното правно лице)

издава

**УВЕРЕНИЕ**

**за техничка исправност на автомат за игри на среќа**

1.Сопственик , односно корисник на автоматот за игри на среќа (назив и седиште )

2.Производител на автоматот за игри на среќа

3.Тип на автоматот за игри на среќа (автомат за игри на среќа на кој може да учествува еден учесник или автомат за игри на среќа на кој истовремено можат да учествуваат повеќе учесници во игрите на среќа)

4.Податоци за хардверот на автоматот за игри на среќа

5.Фабрички или сериски број на автоматот за игри на среќа

евиденциона плочка влезен број _______ излезен број _______ цек пот

6.Деловна просторија каде што се наоѓа автоматот за игри на среќа

Број _____

___.____.2014 година

потпис на овластено лице

Скопје

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**1195.**

Врз основа на член 16-и став (2) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија" бр.140/10, 53/11, 55/12 и 106/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА СООДВЕТНИТЕ ПРОСТОРИИ И ПОТРЕБНАТА ОПРЕМА СО КОИ ТРЕБА ДА РАСПОЛАГААТ ЛАБОРАТОРИИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА АНАЛИЗА И СУПЕРАНАЛИЗА НА БРАШНО

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови за соодветните простории и потребната опрема со кои треба да располагаат лабораториите за вршење на анализа и суперанализа на брашно.

Член 2

Лабораториите кои вршат анализа и суперанализа на брашно, за да бидат овластени треба да располагаат со соодветни простории кои имаат:

- соодветни инсталации за греење и ладење;
- цврсти маси за поставување на опремата;
- санитарна опрема (чешма, умивалник и бојлер) и
- подна и ѕидна облога (керамички плочки и/или епоксиден под).

Член 3

Опремата со која треба да располагаат лабораториите, во кои се врши анализа и суперанализа на брашно треба да биде:

- сушница која работи на 105°С или влагомер-сушач со инфрацрвени зраци за одредување на релативната влага на брашното;
- печка за одредување на содржината на пепел и
- апарат за одредување на содржината на глутен.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-21736/4
4 февруари 2014 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**1196.**

Врз основа на член 16 став 6 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија" бр.71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13 и 137/13), министерот за образование и наука донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА РЕГИСТАРОТ НА УЧЕНИЦИ ШТО СКЛУЧИЛЕ ДОГОВОРИ ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА СО УСТАНОВАТА ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА И РАБОТОДАВАЧОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на ученици што склучиле договори за практична обука со установата за стручно образование и обука и работодавачот (во натамошниот текст: регистарот).

Член 2

Договорот за практична обука со установата за стручно образование и обука и работодавачот (во натамошниот текст: договорот) се запишува во регистарот најдоцна пет работни дена од добивањето на потпишаниот договор од страна на комората.

Член 3

Регистарот се води во посебна тврдоподврзана книга со темносина корица. Листовите на регистарот се нумерирани и прошиени со емственик чии два краја се потпечатени со црвен восок од внатрешната страна на задната корица од регистарот. Регистарот се оверува на внатрешната страна на задната корица.

Регистарот на корицата го содржи насловот „РЕГИСТАР ЗА УЧЕНИЦИ ШТО СКЛУЧИЛЕ ДОГОВОРИ ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА СО УСТАНОВАТА ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА И РАБОТОДАВАЧОТ".

Првата страна содржи наслов „ПОДАТОЦИ ЗА КОМОРАТА" и податоци за комората: назив на комората, седиште, место и општина, регистарски број, матичен број, даночен број и податоци за контакт.

Втората страна содржи реден број, број и датум на договорот, податоци за ученикот, податоци за образованието на ученикот, податоци за установата за стручно образование и обука, податоци за работодавачот, раскинување на договорот и забелешка. Втората страна се повторува до страна 200.

Регистарот се води на образец кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Запишувањето во регистарот се врши со темносино мастило. Во регистарот се внесуваат податоците за секој склучен и раскинат договор. Кога листовите во регистарот ќе се исполнат до крај, за наредните запишувања се користи нова книга на регистарот, која започнува да се води под наредниот регистарски број од последниот лист на претходната книга на регистарот.

Во случај на погрешно запишување на податоци во регистарот, се врши исправка на тој начин што преку погрешно запишаниот текст се повлекува тенка линија и над неа се внесува точниот текст. Исправката се врши со црвено мастило.

Регистарот се води и во електронска форма.

Член 5

Известувањето за раскинување на договорот, најдоцна три работни дена од раскинувањето, се доставува до сите договорни страни и до комората која го води регистарот.

Најдоцна пет работни дена од денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот, комората го запишува во регистарот.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-557/3
24 февруари 2014 година
Скопје

Министер,
**Спиро Ристовски,** с.р.

Прилог

# РЕГИСТАР

# НА УЧЕНИЦИ ШТО СКЛУЧИЛЕ ДОГОВОРИ ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА СО УСТАНОВАТА ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА И РАБОТОДАВАЧОТ

Корица

______________________________

## ПОДАТОЦИ ЗА КОМОРАТА

Полн назив на комората: ______________________________

Седиште, место и општина: ______________________________

Регистарски број: ______________________________

Матичен број: ______________________________

Даночен број: ______________________________

Тел/факс: ______________________________

e-mail: ______________________________

| Реден број | Број и датум на договорот | Податоци за ученик | Податоци за образованието на ученикот | Податоци за установата за стручно образование и обука | Податоци за работодавачот | Раскинување на договорот | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | - Име, име на родител/старател и презиме<br>- Адреса на живеење<br>- Општина | - Паралелка<br>- Учебна година<br>- Времетраење на практичната обука | - Назив<br>- Адреса<br>- Општина<br>- Овластено лице за контакт | - Назив на фирмата<br>- Матичен број<br>- Даночен број<br>- Адреса<br>- Општина<br>- Телефон<br>- E-mail | - Датум<br>- Основа за раскинување на договорот | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Страната 2 се повторува до страна 200

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**1197.**

Врз основа на член 18 –в став 4 од Законот за безбедност и здравје при работа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 92 /07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13 и 164/13), министерот за труд и социјална политика, донесе

### П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА БОДУВАЊЕТО НА АКТИВНОТО И ПАСИВНОТО УЧЕСТВО ВО ОБУКИТЕ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИТЕ ЛИЦА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА И ФОРМАТА И ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА ЗА СТЕКНАТИТЕ БОДОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ОБУКАТА ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на бодувањето на активното и пасивното учество во обуките за стручно усовршување на стручните лица за безбедност при работа и формата и образецот на потврдата за стекнатите бодови за учество на обуката за стручно усовршување.

Член 2

За стручното усовршување стручните лица за безбедност при работа ги добиваат следните бодови:

| Вид на стручно усовршување | Времетраење или количина | Бодови |
|---|---|---|
| Активно учество како предавач на обука во земјата | 1 тема | 20 |
| Активно учество како предавач на обука во странство | 1 тема | 20 |
| Пасивно учество како слушател на обука во земјата | 1 ден | 10 |
| Пасивно учество како слушател на обука во странство | 1 ден | 10 |
| Објавување на стручни или научни трудови во стручни и научни списанија или во зборник од национална или меѓународна конференција | 1 труд | 10 |
| Доедукација односно стекнување на титула магистар или доктор на науки во областа, за тековната година | 1 титула | 30 |
| Учество во проценка на ризик на работни места на стручно лице е 2 бода, за време од една година | 1 работно место | 0,1 |

Член 3

Потврдата за стекнатите бодови за учество на обуката за стручно усовршување организирана во и надвор од Република Македонија, се издава на образец кој се печати на хартија со бела боја со А4 формат, во три идентични примероци и ги содржи следните податоци:

1. назив и седиште на организаторот,
2. име и презиме на учесникот,
3. број на уверение за положебн стручен испит на стручно лице за безбедност при работа,
4. место/држава на одржување на обуката,
5. времетраење на обуката,
6. тема на стручната обука,
7. стекнати бодови,
8. датум и место,
9. име, презиме и потпис на одговорното лице.

Потврдата од ставот 1 на овој член е дадена во прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за стручно усовршување на стручни лица од областа на безбедност при работа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 56/12).

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-1379/1
19 февруари 2014 година
Скопје

Министер,
**Диме Спасов,** с.р.

Прилог 1

**Назив и седиште на организаторот:**

______________________________________

______________________________________

**П О Т В Р Д А**
**за учество на стручна обука организирана во и надвор од Република Македонија**

**Име и презиме на учесникот:**

______________________________________

**Број на уверение за положен стручен испит на стручното лице за безбедност при работа:**

__________

**Место / Држава на одржување на обуката:**

______________________________________

**Времетраење на обуката:**

______________________________________

**Тема на стручната обука:**

______________________________________

**Стекнати бодови:**

__________

**Датум и место:**

______________________________________

**Име, презиме и потпис на одговорно лице:**

______________________________________

# УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1198.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992) на седницата одржана на 19 февруари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

1.СЕ УКИНУВА Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на територијата на општина Гостивар, бр.07-1430/1 донесена од Советот на општина Гостивар на 17.08.2012 година („Службен гласник на општина Гостивар" бр.9/2012).

2.Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во„Службен весник на Република Македонија".

3.Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесена иницијатива на Државниот инспекторат за локална самоуправа со Решение У.бр.145/2013 од 11 септември 2013 година, поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Листата означена во точката 1 од оваа одлука,бидејќи основано се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот на Република Македонија, Законот за локалната самоуправа и Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во поглед на постапката за нејзиното донесување.

4.Судот на седницата утврди дека доносителот на оспорениот акт и по две ургенции и ургенција до Министерството за локална самоуправа не се доставени бараните акти од кои причини анализата е правена врз основа на документи доставени од подносителот на иницијативата и интернет страната на општината.

Во претходната постапка, а од увидот во документите што ги достави подносителот на иницијативата Државниот инспекторат за локална самоуправа е утврдено следното:

Врз основа член 5 став 2 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади,мостови и други инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2004), а во врска со член 125 од Правилникот за работа на Советот на општина Гостивар („Службен гласник на општина Гостивар" бр.01/2000), Комисијата за комунални работи и сообраќај на седницата одржана на 5 април 2007 година утврдила Листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на територијата на општина Гостивар. Овој акт е заведен под бр.07-1430/1 на 17.08.2012 година во архивата на Советот на општината потпишан од претседател на Советот на општината и објавен во („Службен гласник на општина Гостивар" бр.9/2012).

Во оваа листа се утврдени имиња на лица од албанска, турска и македонска припадност, градови, реки, области, значајни личности од историјата и друго.

По донесување на оспорената Листа, Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ од Гостивар на 3 септември 2012 година, поднела претставка до Државниот инспекторат за локална самоуправа, со која бара овој орган во рамките на своите надлежности да преземе мерки во однос на постапката за донесување на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други објекти на територијата на општина Гостивар од 17.08.2012 година од причина што предлог - листата не била на предлог на Комисијата за комунални дејности како и тоа дека при гласање не бил испочитуван Бадентер, односно не е донесена со потребното мнозинство од припадниците на заедниците кои не се мнозинско население во општината.

Државниот инспекторат за локална самоуправа постапувајќи по претставката на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, видно од Записникот бр.17-249/2 на 19.09.2012 година извршил вонреден инспекциски надзор во општина Гостивар.

По извршениот надзор на 20.09.2012 година Државниот инспекторат за локална самоуправа донел Решение бр.17-2647/1 со кое примената на Одлуката за утврдување на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на територијата на општина Гостивар бр.07-1430/1 од 17.08.2012 година, донесена од Советот на општина Гостивар, а објавена во („Службен гласник на општина Гостивар" бр.9/2012) се запира.

Во образложението на Решението, а од извршениот увид на расположивите документи презентирани од општината, инспекторатот утврдил дека Одлуката за утврдување на Листа на имиња за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти не била во согласност со член 5 став 2 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти од причина што за наведената одлука општината немала добиено претходна согласност од Владата на Република Македонија.

Понатаму, во образложението се наведува дека оспорената Одлука не била во согласност со член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа, од причина што таа била донесена без претходно да има добиено предлог/мислење од надлежната комисија односно Комисијата за комунални работи и сообраќај како постојана комисија формирана 14.05.2009 година.

Поточно, во конкретниов случај Советот на општина Гостивар ја утврдил оспорената Листа не од актуелната постојана комисија, туку од комисијата за комунални работи и сообраќај која била формирана за време на претходниот состав, што е видно и од самата Листа која била утврдена на 5.04.2007 година, а не била одобрена од претходниот состав на Советот на општината.

Исто така, оспорената Одлука не била во согласност со член 41 став 3 од Законот за локалната самоуправа, од причини што таа била донесена без да има мнозинство гласови од присутните членови на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско населени во општината.

Од увидот во Записникот од седницата на Советот на општина Гостивар одржан на 17.08.2012 година на која на дневен ред била и оспорената Листа, списокот

на советници во општината и списокот на присутни советници во општината е утврдено дека од вкупно 31 советник во општината, од кои 20 се припадници на албанската заедница, 7 се припадници на македонската заедница, 3 се припадници на турската заедница и 1 е припадник на ромската заедница, на седницата присуствувале 27 советника од кои „за“ одлуката гласале 16 советника, 7 биле „против“ и 1 „воздржан“.

Воедно во образложението на решението се наведува дека оспорената Одлука не била во согласност со член 55 став 4 од Законот за локалната самоуправа, од причини што Комисијата за односи меѓу заедниците формирана на 30.08.2010 година бр.07-1089/1 не одржала состанок кој бил закажан за 15.08.2012 година и не дала мислење во врска со предлог Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на територијата на општина Гостивар.

5.Според член 114 од Уставот на Република Македонија на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа, а единици на локалната самоуправа се општините. Локалната самоуправа се уредува со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија (Амандман XVI со кој се заменува ставот 5 на членот 114 од Уставот на Република Македонија).

Согласно член 115 став 1 од Уставот, кој е заменет со точката 1 на Амандман XVII, во единиците на локалната самоуправа, граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите на јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштитата на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, предучилишното воспитување, образованието, здравствената заштита и во други области утврдени со закон.

Согласно член 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/2002) ги уредува: надлежностите на општините, непосредното учество на граѓаните во одлучувањето, организацијата и работата на органите на општината, општинската администрација, актите на органите, имот-сопственост на општината, надзорот над работата на органите над општината, распуштање на советот на општината, механизмите и соработката меѓу општините и Владата на Република Македонија, месната самоуправа, заштитата на локалната самоуправа, утврдување на службени јазици во општините и други прашања од значење за локалната самоуправа.

Во Глава III од Законот, со наслов: „Надлежности на општините“ во членот 21 е предвидено дека:

Општините самостојно, во рамките на законот, ги уредуваат и ги вршат работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со овој или друг закон и се одговорни за нивното вршење ( став 1 ).

Со законот со кој се утврдуваат други надлежности на општината се определуваат и изворите на финансирање за вршење на тие надлежности ( став 2 ).

Надлежностите од ставот (1) на овој член по правило се целосни и исклучиви и не смеат да бидат одземени или ограничени, освен во случаите утврдени со закон ( став 3).

Во членот 22 став 1 точка 4 се предвидува дека општините се надлежни за вршење, меѓу другото и во работите во областа на комуналните дејности - определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти.

Во член 31 од Законот е предвидено дека органи на општината се: советот и градоначалникот.

Членот 32 од Законот го утврдува начинот на работа на советот на општината така што советот е претставнички орган на граѓаните кој одлучува во рамките на надлежностите на општината (став 1).

За разгледување на прашања и утврдување предлози од одредена област, советот од својот состав може да формира постојани и повремени комисии (став 2).

Составот и начинот на изборот на членовите на комисиите од ставот 2 на овој член се уредуваат со статутот (став 3).

Составот на комисиите од став 2 на овој член соодветствува на пропорционалната застапеност на политичките партии во советот (став 4).

Во членот 36 став 1 од Законот, се утврдени надлежностите на советот кој го донесува статутот на општината и други прописи.

Во членот 41 став 1 од Законот е предвидено дека Советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот.

Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови ако со закон и со статутот поинаку не е определено.(став 2).

Прописите кои се однесуваат на културата, употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните во општината, утврдувањето и употребата на грбот и знамето на општината,се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните членови на советот,при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината( став 3).

На седницата на советот по правило, се гласа јавно.(став 4).

Според член 62 став 1 од овој закон, во вршењето на работите од својата надлежност советот донесува прописи, и тоа: статут, програми, планови, одлуки и други прописи утврдени со закон.

Прописите се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот, доколку поинаку не е определено со овој или друг закон. (став2).

Прописите за чие извршување се потребни финансиски средства мораат да содржат и одредби со кои се утврдуваат изворите и висината на средствата за нивно извршување. (став3).

Прописите се објавуваат во службениот гласник на општината најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување. (став 4).

Прописите од ставот 1 на овој член влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето, доколку со статутот поинаку не е определено. (став 5).

Општината води збирка на објавените прописи, која е достапна на општ увид. (став 6) .

Со член 5 став 1 од од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Службен весник на РМ„ бр.

66/2004, 55/2007 и 145/2010), е предвидено дека името на улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект на подрачје на општина, односно на подрачје на градот Скопје може да биде определено со географско, етнографско, историско и друго обележје, име на истакната личност од областа на историјата, науката и културата, други погодни имиња, како и име на значаен настан и датум, врз основа на листа на имиња.

Листата од ставот 1 на овој член ја утврдува советот на општината, односно Советот на градот Скопје, по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.(став 2).

Од утврдената фактичка состојба произлегува дека: за оспорената одлука Владата на Република Македонија не дала своја согласност, истата е донесена без потребното мнозинство од заедниците кои не се мнозинско население во општината, по неа не дала мислење Комисијата за односи меѓу заедниците формирана во општината, како и тоа што предлог - Листата е утврдена од Комисијата за комунални работи и сообраќај формирана од претходниот состав во 2007 година. Исто така, во „Службениот гласник на општина Гостивар бр.9/2012, во основот за донесување стои дека Комисијата за комунални работи и сообраќај на седницата одржана на 05.04.2007 година ја утврдила Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на територијата на општина Гостивар бр.07-1430/1 и истата е потпишана од претседателот на Советот.

Имајќи ја предвид утврдената фактичка состојба како и анализата на содржината на наведените законски одредби, увидот во документација доставена од Државниот инспекторат за локална самоуправа наспрема наводите во иницијативата, Судот оцени дека оспорената Листа не е во согласност со Уставот на Република Македонија, Законот за локалната самоуправа и Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во поглед на постапката за нејзиното донесување.

6.Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Ова одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Елена Гошева и судиите: д-р Наташа Габер-Дамјановска, Исмаил Дарлишта, Никола Ивановски, Јован Јосифовски, Вангелина Маркудова, Сали Мурати, д-р Гзиме Старова и Владимир Стојаноски.

У. бр. 145/2012
19 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
**Елена Гошева,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**1199.**

Врз основа на член 57 став (1) алинеја 1 од Законот за ветеринарно здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

## ГОДИШНА НАРЕДБА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО 2014 ГОДИНА

Член 1
**Спроведување на мерки за здравствена заштита на животните**

Согласно одредбите на оваа наредба во 2014 година ќе се спроведуваат следните мерки за заштита на животните од заразни болести:

1. ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ КАЈ СВИЊИТЕ

**1.1 Класична чума кај свињите**

Превентивната вакцинација против класичната чума кај свињите, задолжително ќе се врши на целата територија на Република Македонија.

Вакцинацијата на свињите ќе се врши во текот на целата година со атенуирана вакцина, според упатството на производителот на вакцината.

Во прометот може да се пуштаат само имуни свињи, односно свињи кои се вакцинирани најмалку седум дена пред пуштањето во промет.

За утврдување на постигнатиот имунитет со вакцинирање на свињите ќе се земаат мостри. Определувањето на постигнатиот имунитет ќе се врши со дијагностичките тестови, временските рокови и на начин утврдени од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Доколку не постои доказ дека свињите се вакцинирани, задолжително ќе се изврши вакцинација.

Во случај на потврдување на болеста, ќе се применат мерките пропишани во Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на Класичната чума кај свињите.

За свињите кои се убиени и нештетно одстранети заради сузбивање на класичната чума на свињите, на сопственикот на животните, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, му се исплаќа надоместок на штетата. Доколку свињите не биле вакцинирани, нема да биде исплатен надомест на штетата.

Трошоците за вакцинацијата против Класичната чума кај свињите на животните кои се одгледуваат во одгледувалишта со повеќе од 100 животни годишно во целост е на товар на одгледувачот/сопственикот на животните. Трошоците за вакцинацијата против Класичната чума кај свињите на животните во одгледувалишта со помалку од 100 животни годишно ќе се исплатат согласно одредбите од Програмата за користење сред-

ства за здравствена заштита на животните во 2014 година и во висина од 50% (висината на цената утврдена за оваа активност во Договорите за вршење на активности од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животните склучени помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и ветеринарното друштво), а останатите 50% се на товар на соспственикот на животните. Трошоците за утврдување на имунитетот во целост се на товар на Програмата за користење средства за здравствена заштита на животните во 2014 година.

2. ЗАРАЗНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ КАЈ КУЧИЊАТА

**2.1 Беснило и дехелментизација**

Во 2014 година, сите домашни кучиња и мачки треба да бидат вакцинирани против беснило на целата територија на Република Македонија во периодот од 15 јануари до 30 јуни 2014 година. Вакцинацијата треба да се врши согласно Правилникот за начинот и постапката за пријавување на беснило кај домашни и диви животни и мерки кои треба да се превземат за сузбивање и искоренување на беснилото.

Паралелно со вакцинацијата против беснило, животните задолжително треба да бидат и дехелментизирани со средство кое делува против ехинококозата.

Трошоците за вакцинацијата против беснилото и дехелментизацијата се на товар на сопствениците на животните.

**2.2 Кучиња скитници**

Кучињата скитници кои согласно член 25 од Законот за заштита и благосостојба на животните кои привремено се задржани во прифатилиштата ќе бидат вакцинирани против беснило, дехелментизирани со средство кое делува против ехинококозата и испитани на лајшманиоза на Факултетот за ветеринарна медицина Скопје-Скопје. Кучињата кај кои ќе се утврди позитивен тест на лајшманиоза ќе бидат еутаназирани.

Вакцинацијата, дехелментизацијата, земањето мостри и дијагностичкото испитување во целост е на товар на општината, општините во градот Скопје, односно градот Скопје.

3. ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ КАЈ ЖИВИНАТА

**3.1 Класична чума кај живината (Авијарна Инфлуенца кај живината) и Западно нилска треска (West Nile virus)**

Во текот на 2014 година заради утврдување на присуство на ниско патогена авијарна инфлуенца кај живината и другите птици предизвикана од вируси на авијарна инфлуенца од подтиповите Н5 и Н7 ќе се спроведе активен надзор над авијарната инфлуенца со лабораториско испитување. Надзорот ќе се спроведува кај сите категории на живина држена интензивно и екстензивно и кај дивите птици. Дијагностичките испитувања ќе се вршат согласно Програмата за сузбивање и искоренување на авијарната инфлуенца на начин и во временските рокови утврдени од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Во рамките на спроведувањето на надзорот официјалните ветеринари ќе земаат клоакални и трахеални брисови од живината која се држи интензивно, ветеринарните друштва ќе земаат клоакални и трахеални брисови кај живината која се држи екстензивно додека ловните друштва треба да го пријават отстрелот на диви птици до официјалните ветеринари кои ќе земаат клоакални и трахеални брисеви.

Испитувањето на мострите се врши во Националната референтна лабораторија.

Резултатите добиени со дијагностичкото испитување на мострите на Авијарна инфлуенца како резултат на имплементирање на програмата на надзор се пријавуваат во Агенцијата за храна и ветеринарство.

Одгледувачите на живина, ловните друштва, орнитолозите, одгледувачите на гулаби и сите други правни и физички лица кои имаат контакт со живина и диви птици и учествуваат во спроведувањето на надзорот треба веднаш и без одлагање да пријават до Агенцијата за храна и ветеринарство зголемена и не вообичаена смртност или епидемија на болест која се појавува кај животните и дивите птици особено кај дивите водни птици.

Надзорот кој се спроведува за авијарна инфлуенца ќе биде искористен за земање мостри за испитување на присуство и на вирусот на западен нил (West Nile Virus).

Земањето, пакување и транспортот на мострите до Националната референтна лабораторија се врши на начин утврдени од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Земањето примероци и лабораториските испитувања во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2014 година.

**3.2 Њукастелска болест**

Целата живина на територијата на Република Македонија ќе се вакцинира против Њукастелската болест два пати годишно со жива атенуирана вакцина приготвена од сојот Ла Сота. Вакцинацијата ќе ја вршат ветеринарните друштва, водејќи сметка за потенцијата на вакцината и упатството од производителот. Првата вакцинација ќе се изврши на пролет, додека втората вакцинација ќе се изврши на есен. Кај новоизведената живина вакцинацијата може да се изврши и помеѓу наведените периоди.

Во случај на потврдување на болеста, ќе се применат мерките пропишани во Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на Њукастелската болест.

За живината која е убиена и нештетно одстранета заради сузбивање на Њукастелската болест, на сопственикот на животните, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, му се исплаќа надоместок на штетата. Доколку живината не била вакцинирана, нема да биде исплатен надомест на штетата.

Трошоците за вакцинацијата на живината во целост е на товар  на сопствениците на живината.

## 4. ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ КАЈ КОПИТАРИТЕ

### 4.1 Инфективна анемија кај копитарите

Серолошко испитување на крвта на копитарите ќе биде извршено:

- еднаш годишно, најдоцна до 31 септември, во сите ергели, спортски друштва и други одгледувалишта со пет или повеќе копитари;
- при воведувањето на нови грла во одгледувалиштата наведени во алинеја 1 од оваа точка;
- кај пастувите пред припустот;
- кај кобилите пред припуштањето;
- кај сите копитари кои се носат на изложби и спортски натпревари и
- при ставањето во промет.

Лабораторискиот наод за копитарите за Инфективната анемија кај копитарите во случаите од алинеите 2, 3, 4, 5 и 6 од оваа точка не треба да биде постар од 30 дена.

Трошоците за испраќање мостри за дијагностичкото испитување на инфективната анемија кај коњите во целост се на товар на сопствениците/одгледувачите на коњите.

Трошоците за дијагностичко испитување во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2014 година.

### 4.2 Антракс

Во населените места каде ќе се изврши превентивна вакцинација против антракс дадени во Прилог 1 кој е составен дел од оваа наредба ќе се спроведе превентивна вакцинација на коњите против Антраксот најдоцна до 30 април, согласно упатството на производителот на вакцината.

Коњите можат да се напасуваат во заразените подрачја само доколку се вакцинирани и доколку од вакцинацијата поминало најмалку две недели.

Ново внесените животни, животните кои во рокот од став 1 на оваа точка не ги исполнуваат условите за вакцинација, како и подмладокот што ќе се принови подоцна, дополнително ќе се вакцинираат кога ќе ги исполнат условите пропишани од производителот на вакцината.

Трошоците за вакцинацијата против Антраксот во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2014 година.

### 4.3 West Nile вирус

Заради утврдување на епизоотиолошката состојба со West Nile вирусот во Република Македонија ќе се изврши лабораториско тестирање на статистички примерок од коњите.

Спороведувањето на надзорот за присуство на болеста западно нилска треска, бројот на животни, местото од кое потекнуваат, временските рокови и дијагностичките тестови се врши на начин утврдени од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство во зависност од епизоотиолошката состојба согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Трошоците за земањето примероци и лабораториските претраги во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2014 година.

## 5. ЗАРАЗНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ КАЈ ПЧЕЛИТЕ

### 5.1 Американската чума на пчелното легло

Во случај на сомнеж, сопственикот на пчелите ќе го извести официјалниот ветеринар или ветеринарно друштво кои од сомнителните пчелни семејства на Американската чума по пчелно легло, ќе земе материјал и ќе го испрати на лабораториско испитување.

Трошоците за испраќање и лабораториското испитување во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2014 година.

Во случај на потврдување на болеста, ќе се применат мерките пропишани во Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на заразни болести кај пчелите.

За штета настаната при сузбивањето на американската чума на пчелно легло на сопственикот на пчелите, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, му се обезбедува надоместок на штетата.

## 6. БОЛЕСТИ КАЈ ДИВЕЧОТ

Ловечките друштва, концесионерите на ловиштата и Националните паркови треба да ги пријават и достават мршите од угинатиот дивеч до официјалниот ветеринар кој ќе ги достави на лабораториско испитување до Факултетот за ветеринарна медицина заради утврдување на причините за угинување.

### 6.1. Класична чума кај дивите свињи и бруцелоза

Сите застрелани свињи, задолжително треба да се испитаат на присуство на Класичната чума кај свињите и бруцелоза. Земањето на мостри и видот на дијагностичкото испитување се врши на начин утврдени од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Трошоците за лабораториското испитување во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2014 година.

### 6.2. Беснило

Мерките за пратењето, контролата и искоренувањето на беснило кои ќе се спроведуваат во 2014 година ќе бидат во согласност со Правилникот за начинот и постапката за пријавување на беснило кај домашни и диви животни и мерки кои треба да се превземат за сузбивање и искоренување на беснилото.

Лисиците заловени во рамките на мониторингот на успешноста на оралната вакцинација против беснило и сите застрелани волци ќе бидат испитани на присуство на болеста.

Трошоците за земање мостри и лабораториско испитување се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2014 година.

**6.3. Трихинелоза**

Ловечките друштва, концесионерите на ловиштата и Националните паркови ќе испратат материјал за испитување (мускулен дел од дијафрагмата, дел од масетерот/или меѓуребрена мускулатура) на присуство на Трихинелоза на Факултетот за ветеринарна медицина од сите отстрелани диви свињи.

Трошоците за лабораторискотo испитување се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2014 година.

**6.4. Туларемија, Хеморагична болест кај зајаците и Миксоматоза**

Ловечките друштва, концесионерите на ловиштата и Националните паркови ќе ги испратат зајците угинати во ловиштето на лабораториско испитување на туларемија, хеморагична болест кај зајаците и миксоматоза.

Трошоците за лабораторискотo испитување се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2014 година.

7. ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ КАЈ ОВЦИТЕ И КОЗИТЕ

**7.1. Бруцелоза кај овците и козите**

Мерките за пратењето, контролата и искоренувањето на бруцелозата кај овци и кози во 2014 година ќе се вршат согласно Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај овци и кози.

Дијагностицирањето на бруцелозата кај овци и козите со дијагностичките тестови се врши на начин и во временски рокови утврдени од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Позитивните овци и кози на Бруцелоза по добивањето на резултатот, ќе бидат заклани од нужда или еутаназирани и нештетно одстранети. На сопственикот на животните, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, му се обезбедува надоместок на штетата. Останатите животни можат да се движат само директно во кланица при што надлежниот официјален ветеринар издава документ за испраќање на животни во кланица од одгледувалишта под службен надзор утврден од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Вадењето крв ќе се врши во нови вакумтејнери.

Вакцинацијата, вадењето на крв и лабораториските испитувања во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2014 година.

**7.2. Антракс**

Во населените места од Прилог 1 од оваа наредба ќе се изврши превентивна вакцинација на овците и козите против антраксот најдоцна до 30 април, согласно упатството на производителот на вакцината.

Овците и козите е дозволено да се напасуваат во заразените подрачја само доколку се вакцинирани и доколку од вакцинацијата поминало најмалку две недели.

Ново внесените животни, животните кои во рокот од став 1 на оваа точка не ги исполнуваат условите за вакцинација, како и подмладокот што ќе се принови подоцна, дополнително ќе се вакцинираат кога ќе ги исполнат условите пропишани од производителот на вакцината.

Трошоците за вакцинацијата против антраксот во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2014 година.

**7.3. Трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии**

Мерките за пратењето, контролата и искоренувањето на трансмисивните спонгиоформни енцефалопатии кај овците и козите во 2014 година ќе се вршат согласно Програмата за сузбивање и искоренување на трансмисивните спонгиоформни енцефалопатии. На сопственикот на животните, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, за одземените грла му се обезбедува надоместок на штетата.

Трошоците за лабораториските претраги во целост се на товар на Програмата за користење средства за здравствена заштита на животните во 2014 година.

**7.4. Ентеротоксемија кај овците**

Заради подобрување на епизоотиолошката состојба со болеста ентеротоксемија и намалување на морталитетот кај овците и јагнињата, во 2014 година ќе се врши вакцинација на сите овци и кози против ентеротоксемија кај овците.

Вакцинацијата ќе ја спроведуваат ветеринарните друштва кои имаат склучено договор со одгледувачот на овци и кози за што ќе издадат потврда.

Трошоците за вакцинација во целост се на товар на одгледувачот на овците и козите.

8. ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ КАЈ ГОВЕДАТА

**8.1. Бруцелоза кај говедата**

Мерките за пратењето, контролата и искоренувањето на бруцелозата кај говедата во 2014 година ќе се вршат согласно Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај говедата.

Дијагностицирањето на бруцелозата кај говедата со дијагностичките тестови се врши на начин и во временски рокови утврдени од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Вадењето крв ќе се врши во нови вакумтејнери.

Крвните проби кои се негодни за дијагностичко испитување нема да бидат признати за исплата.

На сопственикот на животните, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, за одземените позитивни грла му се обезбедува надоместок на штетата. Останатите животни можат да се движат само директно во кланица при што надлежниот официјален ветеринар издава документ за испраќање на животни во кланица од одгледувалишта под службен надзор утврден од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Вадењето на крв и лабораториските испитувања во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2014 година.

**8.2. Антракс**

Во населените места од Прилог 1 од оваа наредба ќе се изврши превентивна вакцинација на говедата, против антраксот најдоцна до 30 април, согласно упатството на производителот на вакцината.

Говедата е дозволено да се напасуваат во заразените подрачја само доколку се вакцинирани и доколку од вакцинацијата поминало најмалку две недели.

Ново внесените животни, животните кои во рокот од став 1 на оваа точка не ги исполнуваат условите за вакцинација, како и подмладокот што ќе се принови подоцна, дополнително ќе се вакцинираат кога ќе ги исполнат условите пропишани од производителот на вакцината.

Трошоците за вакцинацијата против антраксот во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2014 година.

**8.3. Трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии**

Мерките за пратењето, контролата и искоренувањето на трансмисивните спонгиоформни енцефалопатии кај говедата во 2014 година ќе се вршат согласно Програмата за сузбивање и искоренување на трансмисивните спонгиоформни енцефалопатии.

На сопственикот на животните, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарното здравство, за одземените грла му се обезбедува надоместок на штетата.

Трошоците за лабораториските претраги во целост се на товар на Програмата за користење средства за здравствена заштита на животните во 2014 година.

**8.4. Туберкулоза**

Мерките за пратењето, контролата и искоренувањето на туберкулоза кај говедата во 2014 година ќе се вршат согласно Програмата за сузбивање и искоренување на туберкулоза кај говедата.

Дијагностицирањето на туберкулозата кај говедата со дијагностичките тестови се врши на начин и во временски рокови утврдени од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

На сопственикот на животните, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, за одземените позитивни грла му се обезбедува надоместок на штетата. Останатите животни можат да се движат само директно во кланица при што надлежниот официјален ветеринар издава документ за испраќање на животни во кланица од одгледувалишта под службен надзор утврден од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Трошоците за дијагностичкото испитување со единечен интракутан тест се на товар на Програмата за користење средства за здравствена заштита на животните во 2014 година во висина од 50% (висината на цената утврдена за оваа активност во Договорите за вршење на активности од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животните склучени помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и ветеринарното друштво), а останатите 50% се на товар на соспственикот на животните. Компаративниот интракутан тест, лабораториските претраги и ретестирањето на животните во одгледувалиштата каде имало позитивни или сомнителни животни во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2014 година.

Член 2

**Дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

Ветеринарното друштво ќе врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација во објектите и дворовите за одгледување на животни каде се појавила болест, согласно Решение од официјалниот ветеринар.

Член 3

**Идентификација и регистрација на животните**

Заради контрола на движењето и здравствената состојба на преживарите во 2014 година ќе се продолжи со спроведување на системот за идентификација и регистрација на говедата, овците, козите и свињите .

Одгледувачите на пчели треба на 1 април 2014 година да го извршат првиот попис на своите одгледувалишта и податоците да ги достават во рок од 25 дена до овластените ветеринарни друштва.

Идентификација и регистрација на домашни миленици треба да се спроведува согласно одредбите од Правилникот за идентификација и регистрација на домашни миленици.

Член 4

**Институција која ќе го врши лабораториското испитување**

Лабораториските испитувања предвидени со оваа наредба, согласно членовите 11 и 114 од Законот за ветеринарно здравство ќе ги извршува Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, кој за оваа активност има склучено договор со Агенцијата за храна и ветеринарство за спроведување на лабораториското испитување.

Член 5

**Ветеринарни друштва кои ќе ги спроведуваат мерките согласно оваа наредба**

Мерките предвидени со оваа наредба ги извршуваат ветеринарните друштва кои согласно член 41 од Законот за ветеринарно здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12) и член 24 од Законот за идентификација и регистрација на животните ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12) имаат склучено договор за вршење на активности согласно Законот за ветеринарно здравство со Агенција за храна и ветеринарство за спроведување на превентивните активности. За извршување на мерките, се плаќа надоместок определен согласно Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните и Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните и висината на надоместокот за дополнителни официјални контроли.

Мерките од член 1, точка 1, подточка 1.1, точка 2, подточки 2.1 и 2.2, точка 3, подточка 3.2, точка 4, подточка 4.1 и точка 7, подточка 7.4 од оваа наредба кои во целост се на товар на одгледувачот, општината, општините во градот Скопје односно градот Скопје ќе ги спроведуваат ветеринарни друштва кои имаат склучено договор со одгледувачот, општината, општините во градот Скопје односно градот Скопје.

Член 6

**Вакцини, лекови и помошни лековити средства**

Вакцините, лековите и помошните лековити средства кои се користат за спроведување на мерките од оваа наредба треба да бидат регистрирани во Република Македонија.

Член 7

**Водење евиденција и известување за спроведените активности**

Крвта и другиот материјал кој ветеринарното друштво ги испраќа на лабораториско испитување треба да бидат пропратени согласно методологијата на работа на Ветеринарно информативниот систем (ВИС).

Факултетот за ветеринарна медицина, ги прима примероците за лабораториско испитување, само доколку истите се соодветно пропратени и води компјутерска евиденција за извршените лабораториски анализи согласно методологијата на "Лабораторискиот Информативен Систем". Факултетот за ветеринарна медицина резултатите од извршените лабораториски анализи ги доставува до ВИС, Агенцијата за храна и ветеринарство, официјалните ветеринари и ветеринарните друштва кои ги доставиле примероците, веднаш по електронски пат и најдоцна за 72 часа по писмен пат.

Ветеринарните друштва, кои ги извршуваат активностите утврдени со оваа наредба, ги внесуваат податоците за извршените активности во ВИС на месечно ниво, најдоцна до 5-ти наредниот месец.

За сите активности кои се извршени согласно оваа наредба (вклучително и активностите кои во целост се на товар на сопственикот), ветеринарното друштво пополнува "Потврда за извршена активност согласно годишната наредба" во три примероци од кои по една за сопственикот на животните, официјалниот ветеринар и ветеринарното друштво.

Формата и содржината на потврдата од став (3) на овој член е дадена во Прилог 2 кој е составен дел од оваа наредба.

Образецот од потврдата од став (3) на овој член го изготвува и издава Ветеринарна Комора на Република Македонија.

Доколку сопственикот на животните одбие спроведување на некои од мерките од оваа наредба во неговото одгледувалиште, ветеринарното друштво задолжително за тоа треба да го извести официјалниот ветеринар со пополнување на пријава за одбивање за спроведување на наредените мерки. Формата и содржината на пријавата е дадена во Прилог 3 кој е составен дел од оваа наредба.

Говедата, овците, козите, свињите и домашните миленици кои подлежат на некоја од мерките пропишани со оваа годишна наредба треба да бидат трајно идентификувани и регистрирани согласно Законот за идентификација и регистрација на животните.

Член 8

**Завршна одредба**

Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-557/5
17 февруари 2014 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски,** с.р.

**Прилог 1**

Преглед на населени места каде ќе се изврши превентивна вакцинација против Антракс кај овци/кози, говеда и коњи.

| година/станал дистрикт | Населено Место | Епизоотиолошка единица | година под контрола (до кога трае дистриктот) |
|---|---|---|---|
| 2000 | Јажинце | Јегуновце | 2020 |
| 2003 | Забрчани | Прилеп | 2023 |
| 2003 | Бачиште | Зајас | 2023 |
| 2003 | Лешница | Зајас | 2023 |
| 2003 | Речани | Зајас | 2023 |
| 2003 | Грешница | Зајас | 2023 |
| 1996 | Бунеш | Пробиштип | 2016 |
| 2003 | Горно Барбарево | Пробиштип | 2024 |
| 2003 | Трипатанци | Пробиштип | 2023 |
| 2001 | Лепопелци | Чешиново-Облешево | 2021 |
| 2001 | Спанчево | Чешиново-Облешево | 2021 |
| 2001 | Соколарци | Чешиново-Облешево | 2021 |
| 2001 | Жиганци | Чешиново-Облешево | 2021 |
| 2001 | Новоселани | Чешиново-Облешево | 2021 |
| 2001 | Врбица | Чешиново-Облешево | 2021 |
| 2009 | Велес | Велес | 2029 |
| 2003 | Оризари | Велес | 2023 |
| 2002 | Радуша | Скопје | 2022 |
| 2000 | Каратманово | Лозово | 2020 |
| 2001 | Сопот | Свети Николе | 2021 |
| 1999 | Могила | Могила | 2019 |

**Прилог 2**

## ПОТВРДА ЗА ИЗВРШЕНА АКТИВНОСТ СОГЛАСНО ГОДИШНАТА НАРЕДБА ВО _______ГОДИНА

**Податоци за одгледувалиштето**

Име и презиме______________________________________ РБО |_|_|_|_|_|_|_|_|_|

Адреса________________________ Нас. место______________________ Општина________________________

**Вкупен број на животни во електронската база на податоци: овци ______; кози _______; говеда______; свињи______;**

| **Болест** | **Активност** | **Датум** | **Број** |
|---|---|---|---|
| ______________ | ___________________ | _________________ | _________________ |
| ______________ | ___________________ | _________________ | _________________ |

**Забелешка:**

**Назив и печат на ветеринарното друштво** **Потпис и факсимил на овластеното лице**

**Потпис на одгледувачот** **Датум на издавање**

Прилог 3

**ПРИЈАВА бр**:___

*(за одбивање за извршување на наредени мерки)*

На ден _____________ 2014 година, ветеринарното друштво

______________________________________________________________беше одбиен од одгледувачот___________________________________________со РБО _____________________.

од населено место/адреса ____________________________________

епизоотиолошка единица __________________________________________

да се извршат наредените мерки ___________________________________

____________________________________________________, предвидени со

Годишната наредба за здравствена заштита на животните во 2014 година

Причините за одбивање се :

Забелешки :

***Одговорно лице од ветеринарното друштво:***

_________________________________

*(потпис )*

# АКАДЕМИЈА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

**1200.**

Врз основа на член 12 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 88/2010 и број 166/2012 и 26/2013), Управниот одбор на Академијата, на седница одржана на 25.2.2014 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОЧЕТНА ОБУКА – ТЕОРЕТСКА НАСТАВА**

Член 1

Во Правилникот за Почетна обука – теоретска настава Бр. 02-481/8 од 1.11 2013 година, во член 25 став 6, пред зборот „прашањата“ се додава зборот „теоретските“, а бројот „0,20“ се брише и се заменува со бројот „0,30“.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Бр. 02-108/4
25 февруари 2014 година
Скопје

Академија за судии и јавни обвинители
Управен одбор,
Претседател,
**Лилјана Спасоска,** с.р.

__________

# НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1201.**

Врз основа на член 11 став 4 од Законот за нотаријатот ("Службен весник на РМ"бр.55/07, 86/08, 139/09 и 135/11), Претседателот на Нотарската Комора на Република Македонија на 24.2.2014 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА**

1. На именуваните нотари:

- Нерџиван Идризи - нотар за подрачјето на основните судови на градот Скопје,
- Елеонора Папазова - нотар за подрачјето на Основниот суд во Битола,
- Фатиме Дурмиши - нотар за подрачјето на Основниот суд во Тетово,
- Весна Веселиновска - нотар за подрачјето на Основниот суд во Штип,
- Башким Елези - нотар за подрачјето на Основниот суд во Гостивар,
- Прпарим Реџепи -нотар за подрачјето на Основниот суд во Гостивар,
- Елица Коруноска- нотар за подрачјето на Основниот суд во Кичево,
- Едмонд Шазимани - нотар за подрачјето на Основниот суд во Охрид,
- Беса Кадриу - нотар за подрачјето на Основниот суд во Струга,
- Цеца Малева Стоев- нотар за подрачјето на Основниот суд во Гевгелија,
- Артан Раховица -нотар за подрачјето на Основниот суд во Куманово,
- Арбана Дестани-Адеми - нотар за подрачјето на Основниот суд во Куманово,
- Горан Манов - нотар за подрачјето на Основниот суд во Делчево,
- Стевица Јанева - нотар за подрачјето на Основниот суд во Струмица,

како ден за почеток за работа се определува 3 март 2014 година.

2. Решението стапува на сила веднаш со неговото донесување.

3. Решението да се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-421/1
24 февруари 2014 година
Скопје

Нотарска комора на РМ
Претседател,
**Зорица Пулејкова,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.**
**Телефон: +389-2-55 12 400.**
**Телефакс: +389-2-55 12 401.**

**Претплатата за 2014 година изнесува 10.100,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2014041